# ТоплификацијА АД - Скопје

Друштво за производство и дистрибуција на топлинска енергија

До

МЕДИУМИТЕ ВО РМ

Лондонска 8
1000 Скопје

Тел: +389 2 3097 615
Факс: +389 2 3076 057
kontakt@toplifikacija.mk
www.toplifikacija.mk

**Предмет: ИНФОРМАЦИЈА**

**ПОЧИТУВАНИ**

ПОВОД ЗА ОВАА ОБРАЌАЊЕ ДО МЕДИУМИТЕ Е СУДСКИ ПРОЦЕС ВО КОЈ ФИРМАТА ЗА КОМБИНИРАНО ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНСКА И ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА **ТЕ-ТО АД ПОКРЕНУВА СТЕЧАЈ САМАТА НА СЕБЕ**.

**ПРИЧИНА ЗА ОВОЈ СУДСКИ ПРОЦЕС ВО КОЈ ФИРМАТА ТЕ-ТО АД ПРЕДЛАГА СТЕЧАЈ САМАТА НА СЕБЕ Е ПРЕСУДА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РМ ОД 27.12.2018 ГОДИНА, ВО КОЈА ВРХОВНИОТ СУД ГО ПРИФАЌА БАРАЊЕТО НА ТОПЛИФИКАЦИЈА АД, ДЕКА ЗАЕМИТЕ ДАДЕНИ ОД ТОПЛИФИКАЦИЈА АД НА ТЕ-ТО АД ВО ПЕРИОДОТ НА ГРАДБА НА ОБЈЕКТОТ СЕ ДОСТАСАНИ И ТЕ-ТО АД ТРЕБА ДА И ПЛАТИ НА ТОПЛИФИКАЦИЈА АД ОКОЛУ 6,2 МИЛИОНИ ЕВРА ГЛАВЕН ДОЛГ А СО КАМАТА ДО 01.03.2018 ГОДИНА ТЕ-ТО АД ТРЕБА ДА ПЛАТИ НА ТОПЛИФИКАЦИЈА АД 11,4 МИЛИОНИ ЕВРА.**

СО ОГЛЕД ДЕКА ОВАА ТУЖБА НА ТОПЛИФИКАЦИЈА АД Е ЗА ДЕЛ ОД ЗАЕМИТЕ ДАДЕНИ ВО ПЕРИОДОТ НА ГРАДБА НА ОБЈЕКТОТ, **ВКУПНИОТ ДОЛГ НА ТЕ-ТО АД КОН ТОПЛИФИКАЦИЈА АД ЌЕ БИДЕ НАД 30 МИЛИОНИ ЕВРА СО КАМАТИ ПРЕСМЕТАНИ ДО 01.03.2018 ГОДИНА**.

**ДОКОЛКУ ОВАА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА НА ТЕ-ТО АД СЕ РЕАЛИЗИРА КАКО Е ЗАМИСЛЕНА ШТЕТАТА НА ТОПЛИФИКАЦИЈА АД ЌЕ БИДЕ НАД 30 МИЛИОНИ ЕВРА.**

**СО ОГЛЕД НА ФАКТОТ ДЕКА ДЕЛ ОД ПОБАРУВАЊАТА НА ТОПЛИФИКАЦИЈА АД ОД ТЕ-ТО АД СЕ РЕИНВЕСТИРАНИ КРЕДИТИ КОИ ТОПЛИФИКАЦИЈА АД ГИ ДОБИЛА ОД ДОМАШНА БАНКА, ДОКОЛКУ СЕ РЕАЛИЗИРА СТЕЧАЈОТ КАКО Е ЗАМИСЛЕН, СЕРИОЗНИ ШТЕТИ МОЖЕ ДА ИМА И БАНКАТА КРЕДИТОР.**

ВРХОВНИОТ СУД СПОМЕНАТАТА ОДЛУКА ЈА НОСИ ВО ДЕКЕМВРИ 2017 ГОДИНА. ОДЛУКАТА СТАНУВА ИЗВРШНА НА 2-ри АПРИЛ 2018 ПОСЛЕ ДОСТАВАЊЕТО НА ИСТАТА НА ТУЖЕНИОТ.

**ВО МЕЃУВРЕМЕ ТЕ-ТО АД ЗАПОЧНУВА АКТИВНОСТИ СО СЕРИЈА НЕЗАКОНИТОСТИ СО ЦЕЛ ПРЕКУ ЛАЖЕН СТЕЧАЈ ДА ГО СПРЕЧИ ИЗВРШУВАЊЕТО НА СУДСКАТА ПРЕСУДА НА ВРХОВНИОТ СУД И ДА ЈА ОШТЕТИ ТОПЛИФИКАЦИЈА АД ЗА НАД 30 МИЛИОНИ ЕВРА.**

КЛУЧНИТЕ ДЕЈСТВИЈА КОИ СЕ РЕАЛИЗИРАНИ ВО ПОСТАПКАТА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА СТЕЧАЈ НА ТЕ-ТО АД ОД САМИОТ СЕБЕ, ОД КОИ ДЕЛ СЕ ПОВРЗАНИ СО СЕРИОЗНИ НЕЗАКОНИТОСТИ СЕ:

- СО ДОГОВОР ПОМЕЃУ ТЕ-ТО АД И БИТАР ХОЛДИНГС ЛИМИТЕД (БХЛ) (главниот акционер во ТЕ-ТО АД со над 89% сопственост) СЕ МЕНУВААТ ДАТУМИТЕ НА ДОСТАСУВАЊЕ НА ЗАЕМИТЕ ДАДЕНИ ОД БХЛ НА ТЕ-ТО АД СО ЦЕЛ ИСТИТЕ ДА БИДАТ ДОСТАСАНИ И СО ТАКА ДОСТАСАНИ ДОГОВОРИ ДА СЕ НАПРАВАТ ИЗВРШНИ ИСПРАВИ НА НОТАР А СО ТИЕ ИЗВРШНИ ИСПРАВИ ДА СЕ БЛОКИРААТ СМЕТКИТЕ НА ТЕ-ТО АД И ДА СЕ СТВОРАТ УСЛОВИ ЗА СТЕЧАЈ НА ТЕТО АД.

- ОВОЈ ДОГОВОР СО КОЈ СЕ МЕНУВААТ ДАТУМИТЕ НА ДОСТАСАНОСТ НА ЗАЕМИТЕ ДАДЕНИ ОД БХЛ НА ТЕ-ТО АД СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИ ДРУШТВА (ЗТД) Е **КЛАСИЧЕН СЛУЧАЈ НА ДОГОВОР СО ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ. ТАКВИ ДОГОВОРИ СО ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ ЗА ВКУПЕН ИЗНОС НА ДОГОВОРИТЕ ОД НАД 112 МИЛИОНИ ЕВРА СОГЛАСНО ЗТД МОЖЕ ДА СЕ УСВОЈАТ НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА ТЕ-ТО АД НА КОЕ БХЛ, КАКО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА НЕМА ПРАВО НА ГЛАС. ТОА ЗНАЧИ ДЕКА НА СОБРАНИЕТО ТИЕ ДОГОВОРИ МОЖАТ ДА СЕ УСВОЈАТ САМО И ЕДИНСТВЕНО АКО ТОПЛИФИКАЦИЈА АД, КАКО НЕЗАИНТЕРЕСИРАН АКЦИОНЕР ГЛАСА ПОЗИТИВНО.**

- БИДЕЈЌИ ТАКВО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА ТЕ-ТО АД НЕ Е ОДРЖАНО И НЕМА ОДЛУКИ НА СОБРАНИЕ ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ ЗА МЕНУВАЊЕ НА ДАТУМИ НА ДОСТАСАНОСТ, ДОГОВОРИТЕ ЗА МЕНУВАЊЕ НА ДАТУМИ НА ДОСТАСАНОСТ НА ЗАЕМИТЕ ДАДЕНИ ОД БХЛ НА ТЕ-ТО АД **СЕ НИШТОВНИ И НЕМААТ ПРАВНО ДЕЈСТВО.**

- НОТАРОТ АНГАЖИРАН ОД ТЕ-ТО АД ДА ИЗВРШИ СОЛЕМНИЗАЦИЈА НА ОВИЕ ДОГОВОРИ, БЕЗ ДА ГО ПОЧИТУВА ЗТД, ГИ СОЛЕМНИЗИРАЛ ОВИЕ ДОГОВОРИ СО ШТО ЗАЕМИТЕ НА БХЛ ДАДЕНИ НА ТЕ-ТО АД СТАНАЛЕ ДОСТАСАНИ. ЗА ОВАА НЕСОВЕСНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО СО ОГРОМНИ ФИНАНСИСКИ ПОСЛЕДИЦИ, ТОПЛИФИКАЦИЈА АД ПОДНЕСЕ КРИВИЧНА ПРИЈАВА ЗА АНГАЖИРАНИОТ НОТАР.

- БХЛ ИЗВРШНИТЕ ИСПРАВИ КРЕИРАНИ ОД НЕСОВЕСНИОТ НОТАР ГИ ПОДНЕСОЛ НА ИЗВРШИТЕЛ КОИ ГИ БЛОКИРАЛ СМЕТКИТЕ НА ТЕ-ТО АД И ГИ БЛОКИРАЛ НЕДВИЖНОСТИТЕ И ПОДВИЖНИОТ ИМОТ НА ТЕТО АД.

- **СО ТОА ПРЕКО НЕСОВЕСНОТО РАБОТЕЊЕ НА НОТАРОТ И ИЗВРШИТЕЛОТ СЕ СОЗДАДЕНИ УСЛОВИ ДА СЕ ПОДИГНЕ СТЕЧАЈ НА ТЕ-ТО АД.**

- БИДЕЈЌИ НА КРЕАТОРИТЕ НА ОВАА АКТИВНОСТ НЕ Е КРАЈНАТА ЦЕЛ СТЕЧАЈ НА ТЕ-ТО АД, ТУКУ **СПРЕЧУВАЊЕ НА ИЗВРШУВАЊЕТО НА ПРЕСУДАТА НА ВРХОВНИОТ СУД И ОШТЕТУВАЊЕТО НА ТОПЛИФИКАЦИЈА АД ЗА НАД 30 МИЛИОНИ ЕВРА** ТИЕ ДО СУДОТ СО ПРЕДЛОГОТ ЗА СТЕЧАЈ ПОДНЕСУВААТ И **ПЛАН ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА ФИРМАТА ТЕ-ТО АД (ПРФ)**.

- ВО ТАКОВ СЛУЧАЈ СУДОТ ТРЕБА ЕЛЕКТРОНСКИ ДА ИМЕНУВА СТЕЧАЕН УПРАВНИК КОЈ ЌЕ ГО ОЦЕНИ ПРФ И ЌЕ МУ ПРЕДЛОЖИ НА СУДОТ ДА ГО ПРИФАТИ ПРФ И ДА ГО СТАВИ НА ГЛАСАЊЕ ПРЕД ДОВЕРИТЕЛИТЕ.

- ПРФ ГО ИЗРАБОТУВААТ ВРАБОТЕНИТЕ ВО ТЕ-ТО АД.

- СУДОТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ОДРЕДУВА СТЕЧАЕН УПРАВНИК КОЈ ТРЕБА ДА ГО ОЦЕНИ ПЛАНОТ ОД СПИСОКОТ НА СТЕЧАЈНИ УПРАВНИЦИ КОЈ МУ Е НА РАСПОЛАГАЊЕ. **НО ЗА ЧУДО СУДОТ ГО ОДРЕДУВА ЗА СТЕЧАЕН УПРАВНИК, КОЈ ЌЕ ГО ОЦЕНУВА ПЛАНОТ, ЛИЦЕТО КОЕ Е НАВЕДЕНО ВО ПРФ КАКО КОНТРОЛОР НА ИЗВРШУВАЊЕТО НА ПЛАНОТ.**

- **СУДОТ ВО НИКОЈ СЛУЧАЈ НЕ СМЕЕЛ ТОА ДА ГО НАПРАВИ ВО КОНКРЕТНИОТ СЛУЧАЈ БИДЕЈЌИ ВО ПРФ СЕ ПРЕДВИДЕНИ СЕРИОЗНИ НАДОМЕСТОЦИ ЗА КОНТРОЛОРОТ НА ПРФ ВО ПЕРИОД ОД 12 ГОДИНИ. ВО ТАКВИ УСЛОВИ ЈАСНО Е ДЕКА КОГА ИСТА ЛИЧНОСТ Е ОЦЕНУВАЧ НА ПЛАНОТ И КОНТРОЛОР НА КОГО ЌЕ МУ СЕ ИСПЛАТАТ НАД 100 ИЛИЈАДИ ЕВРА ВО ПЕРИОД ОД 12 ГОДИНИ ТАА ЛИЧНОСТ ИМА КОНФЛИКТ НА ИНТЕРЕСИ ПРИ ОЦЕНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ. ЛИЧНОСТА НЕ МОЖЕ РЕАЛНО ДА ГО ОЦЕНИ ПЛАНОТ КОГА ИМА ИНТЕРЕС ИСТИОТ ДА Е ДОБАР.**

- ИГНОРИРАЈЌИ ГО ОВОЈ ФАКТ СУДОТ СО ЛЕСНОТИЈА ЈА ПРИФАЌА ИСТАТА ЛИЧНОСТ И ЗА ОЦЕНУВАЧ И ЗА КОНТРОЛОР СО СЕРИОЗНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НАГРАДА.

- **НОРМАЛНО ЛИЧНОСТА ПЛАНОТ ГО СМЕТА ЗА ДОБАР И ОСТВАРЛИВ.**

- ПРЕДЛОГОТ ЗА СТЕЧАЈ И ПРФ ОД ИМЕ НА ТЕТО ГО ПОДНЕСУВА ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР. **ВО ПЛАНОТ ПОМЕЃУ ДРУГОТО СЕ ПРЕДВИДУВА ОТПИС НА ПОБАРУВАЊА НА 56 ФИРМИ ВО ВИСИНА ОД НАД 152 МИЛИОНИ ЕВРА.**

- СОГЛАСНО СТАТУТОТ НА ТЕ-ТО АД ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР МОЖЕ ДА РЕАЛИЗИРА ЗДЕЛКИ, БЕЗ ОДЛУКА НА УПРАВЕН ОДОБОР (УО) И НАДЗОРЕН ООДБОР (НО) ДО 30.000 ЕВРА.

- **ТОПЛИФИКАЦИЈА АД ДО ДЕНЕС НЕМА ДОБИЕНО ДОКУМЕНТ ОД СПИСИТЕ НА ПРЕДМЕТОТ ДЕКА УО И НО ГО ОДОБРИЛЕ ПРФ.**

- **СОГЛАСНО ОВИЕ ФАКТИ ПРФ Е ПОДНЕСЕН ДО СУДОТ БЕЗ ИСТИОТ ДА СЕ ОДОБРИ ОД УО И НО, А СО ОГЛЕД НА ИЗНОСИТЕ КОИ ТАМУ СЕ СПОМЕНУВААТ ИСТИОТ ТРЕБА ДА СЕ ОДОБРИ И ОД СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ.**

- **ПОРАДИ ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРФ БЕЗ ОДЛУКА НА СООДВЕТНИТЕ ОРГАНИ НА ТЕ ТО АД, СО КОЈ СЕ ПРАВИ ДИРЕКТНА ШТЕТА НА ТОПЛИФИКАЦИЈА АД, ТОПЛИФКАЦИЈА АД ПОДНЕСЕ КРИВИЧНА ПРИЈАВА ЗА ДИРЕКТОРОТ НА ТЕ ТО АД.**

- **НО СУДОТ НЕ ГО ИНТЕРЕСИРААТ ОВИЕ ФАКТИ И ЗА НЕГО ДОСТАВЕНИОТ ПРФ Е ВАЛИДЕН ДОКУМЕНТ ВО СУДСКИОТ ПРОЦЕС.**

- СО ПОСЛЕДНАТА НЕСОВЕСНОСТ НА СУДОТ СОЗДАДЕНИ СЕ СИТЕ УСЛОВИ ДА СЕ ОСТВАРИ ЦЕЛТА НА КРЕАТОРИТЕ НА ОВОЈ ЛАЖЕН СТЕЧАЈ, **ДА СЕ ОШТЕТИ ТОПЛИФИКАЦИЈА ЗА НАД 30 МИЛИОНИ ЕВРА.**

- ТОПЛИФИКАЦИЈА АД ВО ПОСТАПКАТА ПРЕД СУДОТ ОСВЕН ШТО ДОСТАВА ПОДНЕСОЦИ СО КОИ СЕ АРГУМЕНТИРААТ СИТЕ НЕЗАКОНИТОСТИ ВО СУДСКАТА ПОСТАПКА ДОСТАВА И АЛТЕРНАТИВЕН ПЛАН ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА ФИРМАТА (АПРФ). **ВО ТОЈ АПРФ СО ДЕТАЛНИ ПРЕСМЕТКИ Е АРГУМЕНТИРАНО ДЕКА ВО ПЕРИОД ОД 15 ГОДИНИ ТЕ-ТО АД МОЖЕ ДА ВРАТИ НАД 170 МИЛИОНИ ЕВРА НА ДОВЕРИТЕЛИТЕ, А НЕ 70 МИЛИОНИ ЕВРА ЗА 12 ГОДИНИ КАКО СЕ НАВЕДУВА ВО ПРФ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ТЕ-ТО АД.**

- ВО СВОЈОТ ПОДНЕСОК ДО СУДОТ КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД (КАКО ЕДЕН ОД ДОВЕРИТЕЛИТЕ) **ПРЕДЛАГА ИМОТОТ НА ТЕ-ТО АД ДА СЕ ВПАРИЧИ БИДЕЈЌИ СМЕТА ДЕКА ПО ТОЈ ОСНОВ МОЖЕ ДА СЕ ДОБИЕ МНОГУ ПОВЕЌЕ СРЕДСТВА И ТОА ВЕДНАШ.**

- ТОПЛИФИКАЦИЈА АД ИДЕЈАТА НА ПРОДАЖБА НА ТЕ-ТО АД ЈА АРГУМЕНТИРА СО ФАКТОТ ДЕКА ВО МОМЕНТОТ СЕ РЕАЛИЗИРААТ АКТИВНОСТИ ЗА ИЗГРАДБА НА СЛИЧНИ ОБЈЕКТИ ВО РЕГИОНОТ СО ПРЕДВИДЕНИ ЦЕНИ НА ИНВЕСТИЦИИТЕ ЗА ТИЕ ОБЈЕКТИ, СВЕДЕНИ НА ЕДЕН МЕГАВАТ ИНСТАЛИРАНА ЕЛЕКТРИЧНА МОЌНОСТ, **НАД 30% ПОВИСОКИ ОД 170 МИЛИОНИ ЕВРА ЗА 227 МЕГАВАТИ ЕЛЕКТРИЧНА МОЌНОСТ КОЛКАВА Е НА ТЕ-ТО АД**.

- **НО СУДОТ ОВИЕ АРГУМЕНТИРАНИ ПРЕДЛОЗИ ВООПШТО НЕ ГИ ЗЕМА ВО РАЗГЛЕДУВАЊЕ БИДЕЈЌИ ПРФ ДОСТАВЕН ОД ТЕ-ТО АД ИМА ПОЗИТИВНА ОЦЕНКА ОД СТЕЧАЈНИОТ УПРАВНИК КОЈ НИКОГАШ ВО ЖИВОТОТ НЕ СЛУШНАЛ ЗА ОБЈЕКТ КОЈ ПРОИЗВЕДУВА ТОПЛИНСКА И ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НИТУ ОЦЕНУВАЛ ФИНАНСИИ НА ТАКОВ ОБЈЕКТ.**

- ЗА СУДОТ И ЗА СТЕЧАЈНИОТ УПРАВНИК ВРАБОТЕНИТЕ НА ТЕ-ТО АД СЕ КОМПЕТЕНТНИ ИЗРАБОТУВАЧИ НА ПРФ ИАКО СОГЛАСНО НАВЕДЕНОТО ВО ПРФ:

  - **ВО ПЕРИОДОТ ОД 2013 ДО 2016 ГОДИНА ГЕНЕРИРАЛЕ ФИНАНСИСКИ ЗАГУБИ ОД НАД 23 МИЛИОНИ ЕВРА**

  - **РАБОТЕЛЕ НЕПАЗАРНО**, БИДЕЈЌИ НЕКОЈ ГИ УСЛОВУВАЛ ПРИРОДЕН ГАС ДА КУПУВААТ ПРЕКУ **ПОСРЕДНИК ОФФШОР ФИРМА**, А НЕ ДИРЕКТНО ОД ПРОИЗВОДИТЕЛОТ НА ПРИРОДЕН ГАС И БИДЕЈЌИ ИСТИОТ ТОЈ НЕКОЈ ГИ УСЛОВУВАЛ ПРОИЗВЕДЕНАТА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ДА ЈА ИЗВЕЗУВААТ ОД ДРЖАВАТА ПРЕКУ **ЛОКАЛНИ ТРГОВСКИ ФИРМИ.**

  - ДОДАТНО НА ТОА СОГЛАСНО ПОДАТОЦИТЕ ОД РЕВИДИРАНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2012 ГОДИНА, КОЈ Е ЈАВНО ОБЈАВЕН, ТЕ-ТО АД ВО 2012 ГОДИНА ГЕНЕРИРАЛ ФИНАНСИСКА ЗАГУБА ОД НАД 11 МИЛИОНИ ЕВРА. **ВАКВАТА ОГРОМНА ЗАГУБА Е И ПОРАДИ НАПРАВЕНИОТ ТРОШОК ЗА КОНСУЛТАНТСКИ И ИНТЕЛЕКТУАЛНИ УСЛУГИ ВО 2012 ГОДИНА ВО ВИСИНА ОД НАД 6,2 МИЛИОНИ ЕВРА.**

- **ПОРАДИ ФАКТИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО ПРЕТХОДНАТА ТОЧКА ТОПЛИФИКАЦИЈА АД ЈАВНО ГИ ПОВИКУВА НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ВО ДРЖАВАТА ДА НАПРАВАТ СЕРИОЗНИ ИСТРАГИ СО ЦЕЛ ДА СЕ ОЦЕНАТ ШТЕТИТЕ НАПРАВЕНИ НА ТЕ-ТО АД И НА ДРЖАВАТА ОД НЕПАЗАРНОТО РАБОТЕЊЕ НА ТЕ-ТО АД И ОД ОГРОМНИОТ ИЗНОС ТРОШОЦИ ЗА КОНСУЛТАНТСКИ УСЛУГИ НАПРАВЕНИ ВО 2012 ГОДИНА.**

- **ТОПЛИФИКАЦИЈА АД ОД СВОЈА СТРАНА ПОДНЕСЕ КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ ПРОТИВ СИТЕ ИНВОЛВИРАНИ ЛИЦА ВО ОВАА СУДСКА ПОСТАПКА КОИ НАПРАВИЛЕ НЕЗАКОНИТОСТИ**

**<u>ПРИ НИВНОТО ДЕЛУВАЊЕ СО ШТО ОВОЗМОЖИЛЕ ПОТЕНЦИЈАЛНА ШТЕТА НА ТОПЛИФИКАЦИЈА АД.</u>**

- СО ОГЛЕД ДЕКА ЗАСТАПНИКОТ НА БХЛ КОЈ УЧЕСТВУВАЛ ВО СИТЕ ПОСТАПКИ ДО РОЧИШТЕТО НА 14.06.2018 ГОДИНА И ЗАСТАПНИКОТ НА БХЛ НА РОЧИШТЕТО НА 14.06.2012 ГОДИНА, СОГЛАСНО ПОДАТОЦИТЕ СО КОИ РАСПОЛАГА ТОПЛИФИКАЦИЈА АД НЕМААТ ОВЛАСТУВАЊА ОД НАДЛЕЖНИОТ ОРГАН НА БХЛ И ОД СОПСТВЕНИКОТ НА БХЛ ПОСТОИ СЕРИОЗНА МОЖНОСТ, **<u>ДОКОЛКУ СЕ РЕАЛИЗИРА ОДЛУКАТА НА СУДОТ ОД 14.06.2012 ГОДИНА, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДА БИДЕ ТУЖЕНА НА МЕЃУНАРОДНА АРБИТРАЖА ВО ЕВРОПА ЗА НАПРАВЕНА ШТЕТА ВО ПОСТАПКАТА ЗА СТЕЧАЈ НА ТЕ-ТО АД ОД НАД 100 МИЛИОНИ ЕВРА</u>**.

**ТОПЛИФИКАЦИЈА АД**
**Директор**
**Д-р Димитар Хаџи- Мишев**